Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15 и 8/18) Градоначалникот на општина Струмица , објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се организира јавна анкета и јавна презентација за донесување на ДУП за дел од блок 23 ( блок 22 Урбана единица 9 согласно ГУП на град Струмица) Општина Струмица со површина од 236,8 м2 кој граничи со :

- осовина на бул.„Маршал Тито“
- осовина на ул.„ Ристоман Попчевски“
- осовина на улица „Младинска“

Одлуките за организирање на јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на општина Струмица, Сектор за урбанизам и комунални работи, ВЕБ страната на Општина Струмица , „Службен гласник на општина Струмица“ и средствата за јавно информирање.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуките за организирање на јавна анкета.

Заинтересираните граѓани и правни лица , своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на АРМ на ден 04.02.2019 година во 12,00 часот

Општина Струмица
ГРАДОНАЧАЛНИК
Коста Јаневски

Број.09 – 325/5
24.01.2019 год
Струмица